ВТОРО ИЗДАНИЕ: АПРИЛ 2024

# ИСЧЕКОР КОН ИНТЕГРИРАН СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

## Регионално партнерство за одржливи решенија за управување со отпадот во Пелагонискиот и Југозападниот регион



ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ОТПАДОТ | ОД ВИЗИЈА ДО АКЦИЈА | ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

**Уреднички тим:**
Мартин Николиќ и Јама Омари

**Соработници:**
Емил Ангелов, Пер-Олоф Халберг

**Дизајн на публикацијата:**
Бригада дизајн

SALAR International вложи напори за да се осигура дека податоците, анализите, мислењата и другите информации што се користат во брошурата се точни. Иако прибрани од извори за кои се верува дека се веродостојни, SALAR International препознава дека не може да се гарантира точноста на користените податоци или информации. Комплетноста и точноста на сите податоци и информации користени за изработка на брошурата зависат од изворите на таквите податоци и информации, кои пак се надвор од контрола на SALAR International.

SALAR International сака да им се заблагодари на сите институции и поединци кои учествуваа во процесот за нивната безрезервна поддршка и придонес. © SALAR International, 2024. Сите права се задржани.

SALAR International

# ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ НА ЛОКАЛНО НИВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА



*„Трансформацијата на отпадот започнува со регионална акција! Заедно, водиме кон одржливи промени, подготвувајќи ги заедниците за почисто и позелено утре“*

СТРАНИЦА


1 ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ОТПАДОТ СО ЗАЕДНИЧКИ СИЛИ: НАПРЕДУВАМЕ КОН ОДРЖЛИВО УТРЕ ____ 6

2 ОД ВИЗИЈА ДО АКЦИЈА: ОПШТИНИТЕ ГО ПРЕЗЕМААТ ВОДСТВОТО ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ ____ 10

3 ПАРТНЕРСКИ ПЕРСПЕКТИВИ: ГРАДЕЊЕ КОАЛИЦИЈА ЗА ИНТЕГРИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД; ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО ИСПОРАКАТА НА УСЛУГИ ____ 13

4 ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ: ПРЕТВОРАЊЕ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО МОЖНОСТИ ЗА ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ ____ 15

5 ПРОДОЛЖУВАМЕ НАПРЕД ВО 2024 ГОДИНА: ИНОВАТИВНИ РЕШЕНИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ ____ 20

# 1 ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ОТПАДОТ СО ЗАЕДНИЧКИ СИЛИ: НАПРЕДУВАМЕ КОН ОДРЖЛИВО УТРЕ



**На почетокот на второто издание на брошурата на проектот, со задоволство се осврнуваме за трансформативното патување на кое тргнавме од започнувањето на проектот во јуни 2023 година. Последните девет месеци сведочат за значителен напредок кон одржливите практики за управување со отпад, со достигнувања кои ја потврдуваат нашата посветеност кон позитивни промени во полето на животната средина.**

Најпрвин, 15 партнерски општини во Пелагонискиот и Југозападниот регион успешно ги изработија своите локални акциски планови за управување со отпад (ЛАП) низ еден транспарентен, колаборативен и инклузивен процес. Овие планови не се задржуваат само на документи, туку отелотворуваат колективна посветеност. Поддржани од општинските совети, плановите означуваат трансформативни промени во практиките за управување со отпадот. Следните чекори се важни исто толку колку и планирањето и усвојувањето, а тоа се успешна реализација на овие планови во текот на претстојните две години, за што се направени сите неопходни подготовки благодарение на успешната соработка, партнерството и споделените напори.

Несомнено, оваа соработка беше одлична можност да учиме и заедно да ја предводиме промената. Проектот успешно разви методолошки алатник за локално планирање на акциите, што може да послужи како основа за развој на инклузивни локални акциски планови за управување со отпадот во другите региони и општини вон оние вклучени во проектот. ЗЕЛС, како заедница на локалните самоуправи во Северна Македонија, ќе продолжи да го поддржува проектот и неговите партнери преку ширење на најдобри практики и успешни пристапи. Но, посветеноста на проектот кон зајакнување на општините се протега вон развојот и имплементацијата на локалните акциски планови.



**Проектот создаде пакет анализи и истражувања кои служат како алатки за општините во нивната потрага по ефикасно управување со отпадот и одржливи еколошки практики:**

- Извештајот за процена на капацитетите нуди панорамски приказ на потенцијалите на општините преку детална анализа на нивните силни и слаби страни во различни аспекти. Идентификувајќи области за подобрување, тој го отвора патот за насочени иницијативи за развој на капацитети кои ќе ги опремат општинскиот персонал и јавните комунални претпријатија со алатки и експертиза за успешно спроведување на локалните акциски планови и обезбедување поефикасни услуги за нивните граѓани.

- Политичко економската анализа обезбедува детален увид во економскиот и социо-политичкиот пејзаж, расветлувајќи ја затскриената динамика што влијае на развојот на секторот за управување со отпад. Со откривање на бариерите и можностите, оваа анализа дава препораки за унапредување на регионалниот систем за управување со отпад во земјата, поттикнување подобра координација меѓу засегнатите страни и подобрена испорака на услугите за отпад.

- Конечно, анализата за заштита од пожари на депониите резултираше со развој на клучни упатства за заштита од пожари кои помагаат да се минимизираат ранливостите на депониите на ризици од пожари. Овие упатства ќе ја подобрат безбедноста и на персоналот и на локалното население и ќе водат кон побезбедна и поотпорна средина.






**Проширувањето на поддршката за Регионалниот систем за управување со отпад им овозможи на проектот и на партнерските општини да работат на сеопфатен екосистем за управување со отпад. Методолошките алатки развиени за време на процесите на ЛАП ќе бидат инструментални за изработка на идните регионални планови за управување со отпад. Од залагање за формирање на регионално комунално претпријатие до поттикнување на соработката со Центрите за регионален развој, проектот иницира систем каде управувањето со отпадот ќе ги надмине општинските граници. Нашата посветеност на координација помеѓу партнерите и заедничка соработка со други проекти ја зајакнува колективната сила на нашите сегашни и идни заложби.**

Неодамнешното студиско патување во Шведска беше инспирација која на нашите партнери во проектот им даде непроценлива можност да разменат најдобри практики во испораката на локалните услуги и децентрализацијата. Ова патување ја илустрира нашата посветеност на учење и прилагодување на најдобрите глобални практики на локалниот контекст.



Додека ги споделуваме овие достигнувања и планови за наредниот период, убедени сме дека тие не се крајни цели, туку станици на нашето патување кон одржливо управување со отпадот во земјата.

Ја изразуваме нашата благодарност до Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, ЗЕЛС, сите партнерски општини и засегнатите страни кои беа составен дел на нашиот заеднички успех и со нетрпение ги очекуваме следните достигнувања додека се движиме по патот напред.

*Заедно ја обликуваме иднината каде што со отпадот заеднички ќе се управува на ефикасен и одржлив начин во Северна Македонија.*

# 2 ОД ВИЗИЈА ДО АКЦИЈА: ОПШТИНИТЕ ГО ПРЕЗЕМААТ ВОДСТВОТО ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

### КАТЕРИНА ЧУКАЛЕВСКА, КООРДИНАТОР, ОПШТИНА НОВАЦИ



На почетокот, нашата општина оформи работна група која ќе ја води изработката на нашиот Локален акциски план (ЛАП) за управување со отпад. Составена од пет члена, од кои секој член секој претставува различен сектор во општината вклучувајќи финансии, урбанистичко планирање, заштита на животната средина и локален економски развој - групата работеше заеднички за да се обезбеди сеопфатен и инклузивен пристап.

Во текот на процесот на подготовка на ЛАП, одржувавме тесна соработка со другите општински одделенија и јавното комунално претпријатие, прибирајќи витални податоци за собирањето отпад, за оперативната логистика и расположливите ресурси. Овој заеднички напор ни овозможи да ги одредиме клучните засегнати страни и да ги идентификуваме можностите за идна соработка и заеднички иницијативи во нашата заедница. За да обезбедиме транспарентност на целиот процес, одржавме јавна презентација на нацрт-локалниот акциски план на која беа поканети сите жители на општината да учествуваат и да ги споделат своите ставови за нашите здружени напори за поефективно управување со отпадот.

За понатамошно збогатување на нашето знаење за тоа како успешно да го развиеме нашиот ЛАП, активно учествувавме на работилниците поддржани од САЛАР Интернашнал во Струга и Охрид. Овие работилници ни овозможија размена на идеи, вмрежување и учење од шведски експерти. Сознанијата добиени низ работилниците значително ни помогнаа да ја развиеме содржината и структурата на нашиот ЛАП, со што се овозможи неговото усогласување со регионалните цели, но и со специфичните потреби на нашата општина.

Нашите цели од ЛАП-от ги идентификувавме од регионалниот план за управување со отпад, имајќи ги предвид локалните приоритети на општината. Во тој контекст, конкретните акции во рамките на ЛАП опфаќаат организирање на едукативни работилници и други иницијативи насочени кон подигање на свеста во општината за важноста од ефикасно управување со отпадот за здрава животна средина. Гледајќи напред, ја препознаваме важноста од поттикнување меѓуопштинската соработка, особено со соседните општини, за да ги зајакнеме нашите напори за управување со отпадот. Искористувајќи ги споделените ресурси и експертиза, имаме за цел да го подобриме нашиот капацитет за ефективни практики за управување со отпад и подобри локални услуги за нашите жители.

Неизмерно сме благодарни за поддршката и насоките кои ни ги даде САЛАР Интернешнал и проектниот тим, чија помош беше клучна во нашите напори за градење капацитети. Со нивната континуирана поддршка, подготвени сме во претстојните години да го реализираме нашиот ЛАП и да напредуваме кон нашите цели за управување со отпад.

### ИВИЦА НИКОЛОВСКИ, КООРДИНАТОР, ОПШТИНА КИЧЕВО



Од март 2023 година, општина Кичево е активно вклучена во проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“. Работејќи заедно со општинскиот тим и со поддршка на САЛАР Интернешнал, се фокусиравме на развојот на ЛАП - локален акциски план, во кој се наведени мерки кои се насочени кон подобрување на интегрираното управување со комуналниот цврст отпад. Во текот на нашите заеднички напори, го нагласивме значењето на тимската работа како двигател на организациската ефикасност. Иако сите ние општо земено ја признаваме важноста на тимската работа, не секогаш е видливо колкаво длабоко влијание може да има колективната соработка во постигнувањето на заеднички цели, како што е нагласено во овој проект.

Нашиот локален тим, со поддршка од САЛАР, ревносно ја прошири соработката низ различни оддели и сектори во рамките на јавното комунално претпријатие и општината. Со примена на ефективни алатки и техники, како што се вежби за сеопфатно мапирање и комуницирање, успеавме да ги информираме сите релевантни чинители во заедницата за намерите и целите на нашиот ЛАП. Овој пристап ни помогна да овозможиме поединци и организации подлабоко да се вклучат во процесот на изработка на ЛАП, поттикнувајќи ја заедничката посветеност кон постигнување на нашите заеднички цели.

Работата како група на ЛАП поттикна и подлабоко разбирање меѓу сите учесници за улогата на жените во управувањето со отпадот, како и во севкупната испорака на локални услуги. Згора на тоа, станавме посвесни за практичните придобивки од меѓуопштинската соработка и потребата од зајакната комуникација со релевантните министерства и органите на локалната самоуправа.

Во својата основа, Локалниот акциски план служи како камен-темелник за воспоставување одржлив механизам за управување со отпадот во нашата општина. Приоритетите наведени во ЛАП, развиени преку инклузивен ангажман со засегнатите страни во заедницата, ќе го отворат патот за континуирано подобрување на услугите за отпад, ќе го подобрат еколошкиот профил на општината, ќе обезбедат ефикасно и економски здраво работење на одговорните институции и, конечно, ќе го зајакнат општото задоволство од локалните услуги во заедницата и регионот.

*„За време на работилниците, се стекнав со вредни сознанија за ефективно планирање на активностите за управување со отпад. Учењето како да се мапираат засегнатите страни и да се вклучат во процесот на планирање и имплементација беше особено корисно. Разбирањето како да се утврдат основни и целни индикатори е од клучно значење за успешно спроведување на ЛАП. Покрај тоа, информациите за употреба на различни алатки за следење и евалуација ќе ми помогнат за ефикасно извршување на ЛАП."*

*- Учесник на работилница за изработка на ЛАП*





*„Присуството на работилниците беше одлично искуство, нудејќи можности да учиме едни од други и да ја споделиме нашата визија за подобрени услуги за отпад. Преку размена на најдобрите практики, открив иновативни пристапи за управување со отпад што може да се прилагодат на мојата општина. Покрај тоа, овие работилници ми дадоа можност да започнам соработка со други општини, особено во справувањето со меѓусебните предизвици. Изложеноста на шведската експертиза и најдобрите практики исто така ми даде вредни информации што може да се искористат за создавање поодржливи практики за управување со отпад во нашите општини."*

*- Учесник на работилница за изработка на ЛАП*

## ПЕР - ОЛОФ ХАЛБЕРГ, МЕЃУНАРОДЕН ЕКСПЕРТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД



Во текот на овој процес, имав привилегија да соработувам со 15 општини, поддржувајќи ги во изработката на нивните локални акциски планови (ЛАП) врз основа на севкупните цели наведени во Оперативниот регионален план за управување со отпад. Од суштинско значење е да се истакне дека нашиот фокус не беше само врз конечните верзии на ЛАП, туку врз непроценливите поуки научени низ процесот. Овие поуки ќе бидат корисни за изработката на претстојниот Регионален план за управување со отпад 2026 - 2031 година, поттикнувајќи ја тековната соработка меѓу општините, особено во однос на предвидената изградба на новата регионална депонија.

За време на нашите сесии и работилници, општините се вклучија во дискусии за различните можности за соработка. Во фокусот беа прашањата околу собирањето и третманот на био-отпадот, договорите за продажба на рециклирани производи, споделувањето ресурси и логистичкото планирање. Понатаму, процесот на развој на ЛАП даде единствена можност за различни општински одделенија и јавни комунални претпријатија да ја усогласат својата визија и разбирање за целите на животната средина. Оваа прилика им овозможи да работат како обединет тим и ефективно да ги интегрираат целите на ЛАП во другите општински планови.

Работилниците исто така им овозможија на општините да согледаат како може да работат на структуриран начин за да преминат од визија кон мерливи цели кои се трајни и реални, поврзани со нивните улоги и одговорности. Во текот на овој процес, општините меѓусебно ги споделуваа своите знаења и искуства, што е од корист за целиот регион. На пример, Прилеп го сподели своето искуство за тоа како работеле со собирањето, селектирањето и складирањето на амбалажата, додека пак Ресен ги понуди своите капацитети за компостирање на другите општини во регионот.

Процесот на развој на ЛАП исто така ја нагласи важноста од вклученост на сите чинители, вклучувајќи ги граѓаните и останатите засегнати страни во општината. Секоја општина спроведе мапирање и анализа на засегнатите страни, поттикнувајќи размена на информации и активно вклучување во текот на процесот. Црпејќи од пристапот на Шведска за планирање, соработка и ангажман на засегнатите страни, општините научија вредни лекции за оптимизирање на ресурсите, подобрување на комуникацијата и искористување на регионалната соработка на взаемна корист.

Иако некои општини веќе иницираа активности за имплементација на ЛАП, најголемиот дел од работата треба да се сработи во текот на 2024 и 2025 година. Оваа фаза ќе се фокусира на кампањите за подигање на јавната свест, промовирање промена на однесувањето, решавање на проблемите со отпадоци, оптимизирање на практиките за рециклирање, подобрување на транспортот на отпадот и решенија за третман, спроведување на пазарни анализи, прилагодување на системите за наплата, зголемување на стапките на собирање отпад и подобрување на покриеноста со собирање отпад, особено во руралните области.

# ПАТОТ ДО ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН (ЛАП) ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД



# 3

# ПАРТНЕРСКИ ПЕРСПЕКТИВИ:

# ГРАДЕЊЕ НА КОАЛИЦИЈА ЗА ИНТЕГРИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД; ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО ИСПОРАКАТА НА УСЛУГИ



## АНА КАРАНФИЛОВА МАЗНЕВСКА, РАКОВОДИТЕЛКА НА СЕКТОРОТ ОТПАД ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ



„Министерството за животна средина и просторно планирање ја има предноста да учествува во проектот на САЛАР бидејќи учеството во избраните проектни активности е корисно за МЖСПП како одговорен орган во дисеминацијата на проектни искуства преку релевантни настани и канали за комуникација. Експертите од МЖСПП придонесуваат кон изработка на програми за обука кои се релевантни за локалната самоуправа на пр. интегриран пристап кон управувањето со отпадот, вклучително и животната средина, испорака на локални услуги и зајакнување на децентрализацијата врз основа на искуството стекнато од работата со експертите на САЛАР. Ова му помага на МЖСПП да го истражи и поддржи воспоставувањето на релевантни структури за координација меѓу национално и локално ниво, вклучувајќи различни актери како што се МЛС, ЦРПР, ЗЕЛС и избрани општини.

Овој проект му помага на МЖСПП да ги поврзе искуствата стекнати преку проектот со релевантните национални политики, реформски процеси и тековни програми за управување со отпад.

Во овој контекст, проектот ќе ја поддржи ефикасноста и координативните капацитети на Одделението за отпад на Министерството со тоа што ќе идентификува области за оптимизација на деловните процеси и работните текови и ќе ја подобри комуникацијата со засегнатите страни. На крај, ова ќе го зајакне нашиот капацитет за поефикасно да ги спроведуваме иницијативите за отпад и да ја постигнеме нашата цел за воспоставување оперативен и одржлив систем за управување со отпад во земјата."

## БОБАН ЈАНКОСКИ, ПОСЕБЕН СОВЕТНИК ЗА ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ ВО КАБИНЕТОТ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА



„Нашата неодамнешна посета на Шведска даде вредни сознанија за нивниот систем на локално управување, особено во доменот на рамномерен развој и правично обезбедување услуги. Сознанијата за финансиските капацитети на општините беа импресивни, бидејќи тие имаат за цел да поттикнат силни и независни локални самоуправи способни да овозможуваат висококвалитетни услуги за сите граѓани, без оглед на местото каде живеат. Овие сознанија го нагласуваат значењето на понатамошниот одржлив локален развој и финансиско изедначување на општините во нашата земја.

Фокусот на Шведска врз давање висококвалитетни услуги и за урбаните и за руралните области служи како водечки принцип за нашите развојни планови. Настојувајќи да понудиме еднакви услуги во сите општини, имаме за цел да го премостиме јазот помеѓу урбаните и руралните средини, промовирајќи инклузивност и справување со разликите во обезбедувањето услуги. Оваа посветеност на еднакви локални услуги ја нагласува нашата посветеност кон тоа да дадеме поттик за динамични, просперитетни заедници во сите региони во земјата.

Понатаму, нашите дискусии во Шведска ја истакнаа клучната улога која целосно развиениот и ефективен Регионален систем за управување со отпад ја игра во правичната испорака на услуги. Прифаќајќи слични стратегии во нашата земја, треба да ги оптимизираме процесите за управување со отпад, да го подобриме искористувањето на ресурсите и да промовираме одржливи практики и во урбаните и во руралните средини. Со давањето приоритет на правичниот пристап до локалните услуги, имаме за цел да придонесеме кон интегриран развој на нашите региони, поведувајќи грижа за тоа дека сите заедници имаат корист од одржливи решенија.

Паралелно со овие напори, посветени сме да го исцрпиме потенцијалот на користењето податоци во процесите на формулација, планирање и носењето одлуки. Преку користење на податоци можеме да ги идентификуваме и намалиме разликите во обезбедувањето услуги, особено меѓу урбаните и руралните области, и со тоа да овозможиме поголема правичност во нашите практики на локално управување. Преку овие иницијативи, тежнееме кон тоа да создадеме општини каде секој поединец, без разлика на неговото место на живеење, има пристап до основните услуги и можност да води квалитетен живот."

## АРДИТА ДЕМА МЕХМЕТИ, ЗАМЕНИК ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР НА ЗЕЛС



„Изминатиот период на реализација на проектот ја поместува околината во позитивна насока. Ме радува фактот што соработката меѓу ЗЕЛС и САЛАР Интернешнал, со финансиска поддршка од СИДА - Шведската меѓународна агенција за развој, иако е наменета за пилот општините од Југозападниот и Пелагонискиот регион, со ЗЕЛС како партнер во проектот, ќе се залага за пренесување на добрите практики во сите општини во државата. Конкретно, улогата на ЗЕЛС во проектот е да се зајакне координацијата меѓу националното и локалното ниво на власта во однос на управувањето со отпадот, да се помогне во воспоставувањето на новиот регионален систем и да се применуваат практики за вклучување на родовата перспектива во давањето локални услуги. Овие цели се во согласност и со нашите стратешки документи и цели како што се Стратешкиот план на ЗЕЛС 2021 – 2025 година, имплементацијата на Зелената агенда на локално ниво, Стратегијата на ЗЕЛС за родова еднаквост 2018-2023 год. и Националната стратегија за родова еднаквост 2022-2027 год. Сепак, она што сакам да го истакнам е крајната посветеност на сите нас кон спроведување на законските одредби, обезбедување заштита на животната средина и примена на најдобри и ефикасни решенија.

Неодамна ЗЕЛС учествуваше заедно со САЛАР Интернешнал на работилница за дефинирање на активностите што треба да се спроведат во 2024 година. Годинава ЗЕЛС ќе ги вклучи членовите од професионалните мрежи на ЗЕЛС за споделување знаења и искуства и собирање добри практики за управување со отпад. Ова ќе доведе до создавање база на знаење за процесот на планирање на управувањето со отпад на локално ниво. Покрај ова, ЗЕЛС во рамките на проектот е одговорен за вклучување на родовата перспектива во сите компоненти на проектот. Меѓудругото, оваа поддршка ќе опфати собирање и анализа на родово разделени податоци во рамките на пилот општините, проценка на капацитетите за потребите за родова еднаквост во рамките на пилот општините, идентификација и примена на релевантна методологија за родова еднаквост за планирање на локалната политика и споделување искуства од други области на изработка на локални политики. Згора на тоа, ќе ја истражиме можноста за дизајнирање на пакет алатки за родова статистика врз основа на локалните потреби со примена на шведски практики. Управните тела, комитетите и мрежите на ЗЕЛС ќе се користат за размена и застапување. Во целост веруваме дека оваа година е клучна за постигнување на зацртаните цели и норми, па да продолжиме со заеднички напори оваа приказна да биде успешна."

# 4 ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ: ПРЕТВОРАЊЕ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО МОЖНОСТИ ЗА ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

## ПРОЦЕНКА НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ И ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН

**Процената на капацитетите спроведена во шест пилот општини во Пелагонискиот и Југозападниот плански регион имаше за цел да ги открие нивните моментални способности за управување со отпад.**

**Преку детално испитување на различни аспекти како што се организациска структура, ресурси, усогласеност на политиките, вклученост на засегнатите страни, инфраструктура и управување со податоци, резултатите покажаа најслаби капацитети во областа на собирање и следење податоци (13% усогласеност), додека во однос на инфраструктура и опрема, главно има доволно ресурси за покривање на тековните оперативни услуги (75% усогласеност).**

**Проценката беше од клучно значење за прецизно да се одредат областите на кои им треба подобрување и да се понудат препораки за насочување на општините ефективно да ги спроведуваат нивните локални акциски планови за управување со отпад. Во овој потфат, проектот ќе им помогне на општините да ги трансформираат предизвиците во можности. Преку градење капацитети, меѓуопштинска соработка, мобилизација на ресурси и ангажирање на засегнатите страни, ќе работиме заедно кон подобрување на услугите за отпад и воспоставување на интегриран и одржлив регионален систем за управување со отпад.**

## Просечни резултати од проценката



## Усогласување со регулативата и нејзино спроведување

| ПРЕДИЗВИК | ПРИОД | РЕЗУЛТАТ |
| --- | --- | --- |
| *Општините се соочуваат со значителни пречки во спроведувањето на законодавството за управување со отпад поради различните недостатоци во организациската структура, знаењето и експертизата, како и недостатокот на комуникација и соработка.* | *• Развивање и спроведување на сеопфатни програми за обука за општинскиот персонал за да се зголеми свеста и разбирањето на законодавството за управување со отпад и механизмите за спроведување.<br>• Воспоставување механизми за редовно ажурирање на општинските документи во согласност со националното законодавство и регулатива.<br>• Подобрување на каналите за комуникација и воспоставање механизми за соработка, како што се работни групи меѓу општините, релевантните владини тела и засегнатите страни, за да се олесни спроведувањето на политиките за управување со отпад.* | *Целосна усогласеност со законодавството за отпад преку зголемени знаења и вештини кај општинскиот персонал, воспоставен механизам за соработка и подобрена комуникација со релевантните засегнати страни и владини тела.* |

## Организациски капацитет и донесување одлуки:

| ПРЕДИЗВИК | ПРИОД | РЕЗУЛТАТ |
| --- | --- | --- |
| *Недостатоци во организациската структура, со нејасни улоги и одговорности за управување со отпад. Недоволното екипирање и експертиза го попречуваат стратешкото планирање, напорите за спроведување и процесите на донесување одлуки.* | *• Дефинирање нови позиции посветени на управувањето со отпадот во општинските организациски структури, со јасни улоги и одговорности.<br>• Екипирање на соодветните одделенија со соодветна експертиза за управување со отпад и потребни вештини и знаења.<br>• Воспоставување процедури за вклучување на релевантните засегнати страни во процесите на донесување одлуки во врска со иницијативите за управување со отпад.* | *Зајакнати организациски капацитети на општините за ефективно спроведување иницијативи за управување со отпад, со јасни улоги и одговорности, специјализирана експертиза и воспоставени механизми за инклузивно одлучување.* |

## Финансиска одржливост:

| ПРЕДИЗВИК | ПРИОД | РЕЗУЛТАТ |
| --- | --- | --- |
| *Општините се соочуваат со недостиг од ресурси за управување со отпадот, кои во голема мера се потпираат на субвенции и надворешно финансирање. Често се покажува дека постојните комунални такси се недоволни за покривање на трошоците, со што се нагласува итната потреба од одржливи механизми за финансирање.* | *• Вклучување средства за активности за управување со отпад во општинскиот буџет во текот на повеќе години за да се обезбеди континуирана финансиска поддршка и долгорочно планирање.<br>• Обезбедување дополнителни финансии од извори како што се ИПА и билатерални донатори за дополнување на општинските буџети и зајакнување на финансиските ресурси за иницијативи за управување со отпад.<br>• Развивање план во фази за воведување нови надоместоци/тарифи за услуги, обезбедување усогласеност со прописите утврдени од Регулаторната комисија.* | *Подобрена финансиска одржливост преку разновидни извори на финансирање, подобрени стратегии за имплементација на надоместоците и зголемени стапки на наплата.* |

## Инфраструктура и опрема:

| ПРЕДИЗВИК | ПРИОД | РЕЗУЛТАТ |
| --- | --- | --- |
| *Во некои општини има значително помала покриеност со собирање отпад, особено во руралните области, додека сите општини имаат застарени возила и недоволна опрема за отпад (канти и контејнери).* | *• Изработка на сеопфатен план за управување со ресурси и одржување на возила и опрема за отпад за да се обезбеди оптимална функционалност и долговечност.<br>• Изработка на детална анализа на дополнителна опрема за прецизно да се процени потребата од повеќе канти или контејнери, особено за собирање био-отпад и пластика.<br>• Обезбедување финансии за надградба на инфраструктурата и опремата со истражување различни извори на финансирање како општински буџети, надворешни грантови, проекти финансирани од донатори и јавно-приватно партнерство.* | *Подобрена функционалност и долговечност на возилата и опремата за постапување со отпад, подобрена покриеност со собирање отпад и одржливи инвестиции во надградба на инфраструктурата.* |

## Управување со податоци и следење:

### ПРЕДИЗВИК

*Собирањето податоци и практики за следење се неоптимални, што го попречува планирањето и одлуките за инвестирање. Отсуството на сеопфатни бази на податоци за комуналниот отпад, заедно со несоодветното следење и евалуација на практиките за управување со отпад, дополнително ги зголемува овие предизвици.*

### ПРИОД

- *Воспоставување сеопфатна база на податоци за поефикасно следење на различните видови комунален отпад, вклучително и пластика, хартија и електронски отпад.*
- *Јасна дефиниција на улогите и одговорностите за новите позиции посветени на обработка на податоци за управување со отпад за да се обезбеди одговорност и конзистентност во практиките за управување со податоци.*
- *Изработка на писмени процедури за обработка и доставување податоци за управување со отпад со релевантните засегнати страни.*

### РЕЗУЛТАТ

*Подобрено следење на видовите комунален отпад, зголемена одговорност во управувањето со податоците и оптимизирана комуникација со засегнатите страни.*

## Меѓусекторска координација и меѓуопштинска соработка

### ПРЕДИЗВИК

*Недостаток на воспоставени механизми и процедури за меѓусекторска координација и соработка и недоволно искористување на меѓуопштинската соработка како инструмент за ефикасна локална испорака на услуги.*

### ПРИОД

- *Изработка на процедури за ефективна комуникација и координација во структурата на општината, унапредување на соработката меѓу одделенијата за управување со отпад.*
- *Зголемена искористеност на меѓуопштинската соработка меѓу релевантните општини во двата региони за да се олеснат заедничките напори во иницијативите за управување со отпад наведени во регионалните и локалните планови.*
- *Планирање и распределба на финансии за поддршка на активностите за меѓуопштинска соработка.*

### РЕЗУЛТАТ

*Подобрената меѓусекторска комуникација и засилената меѓуопштинска соработка обезбедуваат поефективно спроведување на иницијативите за управување со отпад.*

## Вклучување на засегнатите страни и подигнување на свесноста:

### ПРЕДИЗВИК

*Ограничена јавна свест и едукативни иницијативи за управување со отпад и недоволна вклученост на засегнатите страни во планирањето и спроведувањето на активностите за отпад.*

### ПРИОД

- *Спроведување образовни програми насочени кон наставниците и учениците во училиштата и образовните институции за да се всади знаење и свест за одржливите практики за управување со отпад.*
- *Водење кампањи за подигање на јавната свест насочени кон граѓаните од сите возрасти преку различни канали како што се настани во заедницата, социјални медиуми, постери и информативни материјали дистрибуирани на јавни места.*
- *Воспоставување практика за консултирање и вклучување локални организации, невладини организации, бизниси и групи во заедницата во процесот на планирање и спроведување на активностите за отпад.*

### РЕЗУЛТАТ

*Зголеменото знаење, јавната свест и вклученоста на засегнатите страни обезбедуваат ефективна промоција и имплементација на одржливи практики за управување со отпад во заедниците.*



# АНАЛИЗА НА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ НА ДЕПОНИИ

## СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ ОД ПОЖАР НА ДЕПОНИИ ЗА ПОБЕЗБЕДНА СРЕДИНА

**Пожарите на депониите претставуваат голема закана и за животната средина и за здравјето на луѓето. Во последниве години, земјата беше сведок на загрижувачки пораст на бројот на пожари на депонии, број кој надмина 1.500 само во 2023 година. Неконтролираното палење на отпадот испушта високо канцерогени материи во воздухот, што доведува до загадување на животната средина и загрозување на здравјето на луѓето. Покрај тоа, пожарите на депониите може брзо да ескалираат, да се прошират во блиските шуми и урбани области, предизвикувајќи дополнителна штета и ризици од експлозии. Превентивните мерки се од суштинско значење за да се ублажат овие ризици и да се заштитат животната средина и заедниците од разорните последици од пожарите на депониите.**

**Наодите од анализата на заштитата од пожари на депониите откриваат неколку алармантни фактори кои придонесуваат кон зголемен ризик од пожари. Многу депонии се наоѓаат во непосредна близина на далноводи и шуми, што ја зголемува веројатноста за ширење на пожарот и загадување на животната средина. Во урбаните средини, пожарите на депониите не само што можат да предизвикаат значително загадување, туку можат и да ги загрозат структурите и објектите во нивна близина. Згора на тоа, поголемите депонии, на кои има големи количини лесно запаливи материјали, претставуваат ризик горењето да продолжи поради создавањето гасови. Континуираното фрлање отпад дополнително го зголемува ризикот, особено во општините со ограничена механизација за затрупување на отпадот.**



За справување со предизвиците кои настануваат од пожарите на депониите, предложени се низа мерки. Тие вклучуваат развој на планови за ризик од депонии, јасно разграничување на местата за депонирање отпад и поставување детектори за следење на концентрациите на гас. Пристапните патишта и безбедносните патроли се од клучно значење за брз одговор при гаснењето пожари, заедно со набавката на опрема за селектирање отпад и ефикасни системи за затрупување на отпадот. Термалните камери со системи за следење и кампањи за подигање на свеста на заедницата се клучни превентивни мерки за ублажување на ризиците од пожари на депониите. Општините треба да организираат активности за собирање отпад, да поставаат повеќе контејнери за отпад и да спроведуваат редовни информативни кампањи за подигање на свеста кај локалните заедници.

Како одговор на овие предизвици, проектот ќе поддржи изработка на сеопфатна чеклиста за заштита од пожари која ќе биде лесна за следење. Оваа чеклиста ќе овозможи одговорните лица на депониите да преземат проактивни мерки за спречување и ублажување на ризиците од пожари, со што ќе се заштити животната средина и ќе се обезбедат имотите и животите на луѓето. Преку заеднички напори и стратешки интервенции, можеме да работиме кон побезбеден и поодржлив систем за управување со отпад, ослободен од заканите од пожари на депониите.



# 5 НАПРЕД ВО 2024 ГОДИНА: ИНОВАТИВНИ РЕШЕНИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Во 2024 година, нашиот проект треба да го подобри управувањето со отпадот низ Пелагонискиот и Југозападниот регион. Преку низа динамични активности, имаме за цел да ги поддржиме општините во спроведувањето на Локалните акциски планови (ЛАП), воедно воведувајќи одржливи практики и инклузивна испорака на услуги. Во овие напори, ќе ставиме силен фокус врз поттикнување меѓуопштинска соработка и инклузивна испорака на услуги подеднакво одговарајќи на потребите на жените и маргинализираните групи. Преку зајакнување на платформите за соработка, ќе тежнееме кон тоа да создадеме посилни партнерства со клучните засегнати страни и носители на одлуки и да промовираме системски приод за управување со отпад што обезбедува инклузивност, одржливост и долгорочен успех.

### Програма за градење капацитети:

**Се справуваме со предизвиците кои се идентификувани во проценката со воведување робусна програма за градење капацитети. Оваа иницијатива ќе ги опреми општинските чинители со вештините и знаењата потребни за ефикасно справување со прашањата за управување со отпад.**

### Едукативна програма за УО:

**Нашата образовна програма за управување со отпад е насочена кон наставниците од основните училишта. Со едукација на едукаторите, ги зајакнуваме идните генерации со алатки за усвојување одржливи практики за отпад уште од рана возраст.**

### Анализа на пазарот на материјали за рециклирање:

**Сеопфатна анализа на пазарот на материјали за рециклирање ќе ги идентификува можностите за економски раст, воедно промовирајќи еколошки методи за одлагање на отпадот.**









### Анализа на приходи и расходи:

Навлегуваме во финансискиот пејзаж на јавните комунални претпријатија за да обезбедиме решенија за оптимизација на распределбата на ресурсите и да обезбедиме ефикасна испорака на услуги.

### Мапирање на донатори:

Идентификацијата на финансиските ресурси е од клучна важност за одржливо управување со отпадот. Нашата иницијатива за мапирање на донаторите има за цел да обезбеди финансирање за суштинските проекти за управување со отпадот.

### Оптимизација на маршрутите за собирање отпад:

Со оптимизација на маршрутите за собирање отпад и мапирање на пречките, ги рационализираме операциите за оптимизација на ресурсите и ефикасна испорака на услуги до оддалечените населби и лицата со попреченост.

### Родова проценка:

Во партнерство со ЗЕЛС, спроведуваме родови проценки во пилот општините за да ги решиме недостатоците и да ги опремиме општините со вештини и знаења за тоа како да ги вградат потребите и перспективите на жените во обезбедувањето локални услуги.

### Алатник за вклучување на родовите аспекти:

Во партнерство со ЗЕЛС, развиваме методологија и пакет алатки за вклучување на родовите аспекти за да ја подобриме употребата на родово разделени податоци во планирањето на локалните услуги и донесувањето одлуки.

### Развој на капацитети на партнерските министерства:

Зајакнувањето на капацитетот на партнерските министерства и центрите за регионален развој е од суштинско значење за поттикнување на соработката и постигнување на целите за управување со отпад.

### Структура за координирање на политики и известување:

Воспоставувањето на структура за координација и известување за управување со отпад на политичко ниво ќе ја подобри комуникацијата и ќе го олесни ефективно одлучување.

### Студиски посети на Шведска и земјите во регионот:

Организираме студиски посети во Шведска и земјите од регионот за да ги изложиме нашите партнери на најдобрите меѓународни практики за управување со отпад и да го олесниме учењето како да ги приспособат и ефективно да ги имплементираат во локален контекст.

### Поддршка за регионално комунално претпријатие:

Обезбедуваме континуирана поддршка за основање на регионално комунално претпријатие, отворајќи го патот за здружени напори за управување со отпадот низ регионите.

Со овие иницијативи, го отвораме патот за подобрени практики за управување со отпад во општините и напредуваме кон интегриран и одржлив систем за управување со отпад во земјата.




SALAR International
A part of the Swedish Association
of Local Authorities and Regions

Sweden
Sverige

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

ЗЕЛС